17 Ирена Милуповска
Да се достави ЈП Брод. и Кач.

**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**
Сектор за храна од неживотинско потекло
Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

ОБ 7.5-3.4-02в01

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ПРИМЕНО: 16. 04. 2018

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| --- | --- | --- | --- |
| 17 | 1047/36 | | |

ПЕ КИЧЕВО
УП – I бр. 26-43
12.04.2018 година

Агенцијата за храна и ветеринарство врз основа на член 127 став 1 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" број 157/2010, 53/2011, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14) по добиените лабораториски резултати од ЈЗУ Центар за јавно здравје -Прилеп за водоводна мрежа с.Инче општина Македонски Брод донесе :

---

# РЕШЕНИЕ

**Се забранува** користење на вода за пиење од водоводна мрежа – с.Инче – Македонски Брод.
**Се наредува** на општина Македонски Брод, водата за пиење да ја доведе во безбедна состојба.

Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување, согласно со членот 127 став 2 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" број 157/2010, 53/2011, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14).

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од водоводна мрежа -с.Инце , на ден 20,02,2018год. преку ЈЗУ Центар за Јавно здравје -Прилеп , земена е вода за лабораториска анализа во поглед на хемиска и микро биолошка исправност, од мерно место – јавна чешма сред село, при што со лабораториски преглед на водата-матичен број на објектот 4018622213001 констатирано е дека : **Водата не е здравствено испрвна** заради наод на бактерии од цревно потекло,зголемена матнотија и органски материи,понизок pH и несмее да се користи за пиење. Неопходо е соодветно техничко решение за објектот со редовна дезинфекција на водата за да би можела да се користи за пиенње.

Со оглед на наведеното, а со цел да се обезбеди хигиенска и против епидемиолошка заштита на населението согласно член 4, член 121, член 122 ичлен 127 од Законот за безбедност на храната, и член 2, член 8 и член 38 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на одпадни урбани води, како и член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести, а во врска со член 7, член 22, член 26 и член 27 од Правилникот за безбедност на водата.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Жалба против ова решение се изјавува преку овој орган во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
Решено во Агенција за храна и ветеринарство под број 26-43
на ден 12,04,2018 година.

Државен инспектор за храна

М.П.

Imran Elezi D.V.M.
ИНСПЕКТОР ЗА ХРАНА
FOOD INSPECTOR